| | |
|---|---|
| **Предмет :** Македонски јазик | III ( трето) одделение |
| **Наставно подрачје / тема:** Читање и пишување | Време на реализација – 60 часа |
| Изработил : Одделенски наставник Наташа Тодоровска | ООУ „ Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал : | ООУ „ |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

- ✓ пишува и чита текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо;
- ✓ составува прашања и одговара на прашања во врска со содржината на прочитан текст, пронаоѓа информации во текстот и го резимира;
- ✓ ги почитува правописните правила при пишување текстови според диктат, од сеќавање и на дадена тема;
- ✓ идентификува именки, глаголи, придавки и броеви во реченица;
- ✓ идентификува видови реченици во текст.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови** | **Активности** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви | 13 | **Активности за препознавање на печатни латинични букви:**<br>*Учениците преку постер со печатни кирилични и латинични букви прават споредба на буквите и откриваат кои букви се пишуваат исто на двете писма.<br>*Учениците за секоја изучена печатна буква од латиницата изработуваат картички (голема и мала латинична буква). Картичките ги чуваат во своето портфолио по македонски јазик за да ги користат на часовите.<br>Наставникот ја изговара глас, а учениците ја креваат картичката со соодветната латинична буква. | постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>празни картички<br><br>табла /бела | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усни и писмени искази на учениците<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна буква напишана на кирилица ја идентификува соодветната печатна буква напишана на латиница<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо | | *Квиз игра со „ДА-НЕ“картички Дали е ова латинична буква Зз, а наставникот покажува картичка со буквата Vv. Учениците подигнуваат картичка „НЕ“. Потоа усно кажуваат точен одговор.<br>*Интерактивни игри на компјутер за препознавање на буквите изработени во https://wordwall.net/ , https://www.liveworksheets.com/ , https://learningapps.org/ и сл.<br>**Активности за читање и пишување на печатни латинични букви:**<br>*Учениците прават споредба меѓу печатнии букви од кирилица и латиница и вежбаат правилно пишување и читање во тетратка, работен лист, вежбанка, интерактивен лист, примена на тастатура во Writer и сл.<br>*Учениците на картички пишуваат зборови со изучените букви и ги ставаат во „ZBOROVNA KUTIJA“.Учениците извлекуваат збор и го читаат.<br>*Во „ZBOROVNA KUTIJA“ се ставаат картички со наслови на книги, реклами, налепници, имиња на градови, држави напишани на кирилица и на латиница. Секој ученик зема по едно ливче и кажува на која азбука е напишан зборот.<br>*Учениците добиваат наставен лист на кој има таблеа со две колони со букви: едната е со кирилични букви, а другата е со латинични. Учениците имаат задача да ги поврзуваат буквите соодветно. Во пар се проверуваат дали сработиле точно.<br>*Учениците работат во пар, најпрво на картички се претставуваат себеси со неколку генералии: име и презиме, училиште, место на живеење, адреса, при што користат латинично писмо. Се проверуваат во парот за точната употреба на латиничните букви. | компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>таблети<br><br>детски лаптопи<br><br>образовен софтвер Toolkid<br><br>ДА-НЕ картички<br><br>работни листови<br><br>учебник<br><br>ножици<br><br>лепило<br><br>кутија | соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо.<br><br>Активно учество во групни активности<br><br>Домашна работа<br><br>Одговори на квиз |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо | 13 | **Активности за препознавање на ракописни латинични букви:**<br>*Учениците преку постер со ракописни кирилични и латинични букви прават споредба на буквите и откриваат кои букви се пишуваат исто на двете писма.<br>*Учениците за секоја изучена ракописна буква од латиницата изработуваат картички (голема и мала латинична буква). Картичките ги чуваат во своето портфолио по македонски јазик за да ги користат на часовите. *Учениците може да изработуваат букварка со печатни и ракописни латинични букви- Mojata latinicna tetratka*<br>* Учениците играат квиз игри со картички: „ДА-НЕ“, Семафор „ЦРВЕНО-ЗЕЛЕНО“, „ Тркало на среќата“ и сл<br>*Интерактивни игри на компјутер за препознавање на буквите изработени во https://wordwall.net/ , https://www.liveworksheets.com/ , https://learningapps.org/ и сл.<br>**Активности за читање и пишување со ракописни латинични букви:**<br>*Учениците прават споредба меѓу ракописните букви од кирилица и латиница и вежбаат правилно пишувањеи читање во тетратка, работен лист, вежбанка, интерактивен лист и сл.<br>*Учениците на картички пишуваат зборови со изучените ракописни букви од латиницата и ги ставаат во „ZBOROVNA KUTIJA“. Учениците составуваат реченици со изучените зборови.<br>*Учениците добиваат наставен лист на кој се поставени две колони со букви: едната е со ракописни кирилични , а другата со ракописни латинични букви. Учениците имаат задача соодветно да ги поврзуваат буквите .<br>*Учениците ги запишуваат имињата на својот омилен пејач, омилен спорт, спортист и спортски тим, на омилениот лик од цртаните. Потоа пишуваат по една | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>празни картички<br><br>тетратка<br><br>табла /бела<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>таблети<br><br>детски лаптопи<br><br>ДА-НЕ картички<br><br>работни листови<br><br>учебник<br><br>кутија | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усни и писмени искази на учениците<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви .<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо.<br><br>Активно учество во групни активности<br><br>Домашна работа<br><br>Одговори на квиз |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | | | проста реченица за секое име/податок/поим користејќи латинични букви. Споделуваат во пар. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со печатни латинични букви | 1 | *Учениците читаат кратки текстови напишани со изучени латинични букви и на часовите за обработка на печатните букви.(*во воведни, главни или завршни активности според потребите на учениците и наставникот)* за реализација на стандардите за оценување.<br>*Штафетно читање од учениците во парови или мали групи. Учениците добиваат работен лист со текст и се договараат кој дел ќе го читаат. Читаат сите по ред и следејќи се, се поправаат доколку е потребно.<br>*Наставникот истакнува презентација со кратки текстови напишани со печатни латинични букви. Учениците гласно ги читаат. Може да се мери и времето на читање на еден текст и да се поттикнуваат за развивање ан брзина на читање. | презентација<br><br>компјутер<br><br>бела табла<br><br>видеобим<br><br>учебник<br><br>работни листови<br><br>штоперица | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усни и писмени искази на учениците<br><br>Чита кратки текстови со печатни латинични букви<br><br>Домашна работа |
| | Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со ракописни латинични букви | 1 | **Учениците читаат кратки текстови напишани со ракописни латинични букви на часови предвдидени за обработка на нови букви или увежбување на пишување на изучени букви во воведен, главен или завршен дел на часот.*<br>*Штафетно читање од учениците во парови или мали групи. Учениците добиваат работен лист со текст и се договараат кој дел ќе го читаат. Читаат сите по ред и следејќи се, се поправаат доколку е потребно.<br>*Наставникот истакнува презентација со кратки текстови напишани со ракописни латинични букви. Учениците гласно ги читаат. Може да се мери и времето на читање на еден текст и да се поттикнуваат за развивање ан брзина на читање. | презентација<br><br>компјутер<br><br>бела табла<br><br>видеобим<br><br>учебник<br><br>работни листови<br><br>штоперица | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усни и писмени искази на учениците<br><br>Чита кратки текстови со ракописни латинични букви<br><br>Домашна работа |
| | Препишува зборови, реченици и кус текст напишани со латинично печатно и ракописно писмо | 1 | * *Овој стандард може да се постигне на часовите за обработка на буквите и вежби во пишување на зборови и реченици со нови букви.*<br>*Учениците читаат текст со печатни латинични букви и го препишуваат со ракописни латинични букви и | презентација<br><br>компјутер<br><br>бела табла | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Писмени искази |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | обратно.<br>*Пишуваат текстови со замена на слика со збор со печатни и ракописни латинични букви. | видеобим<br><br>учебник<br><br>работни листови | на учениците<br><br>Препишува зборови, реченици и кус текст со печатни и ракописни латинични букви<br><br>Домашна работа |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Зборови, реченици и кус текст напишани со латинично писмо ги препишува користејќи кирилично писмо | 1 | *Учениците добиваат работен лист. Читаат зборови, реченици и кус текст напишани со печатни/ ракописни латинични букви. Следат насоки да го препишуваат со печатни/ракописи кирилични букви.<br>*Учениците препишуваат песна од латиница на кирилица со печатни/ ракописни букви.<br>*Учениците во работен лист пронаоѓаат грешки во пишување на зборови со латинични букви. Ги препишуваат правилно со кирилични букви.<br>Пр. rежalo – режало.<br>*Препишување на зборови, реченици и кус текст од латиница на кирилица може да се прави и на дел од други часови во воведни /завршни активности со цел да се провери совладаноста на изучените латинични букви.* | работен лист<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Писмени изработки на учениците<br><br>Препишува зборови, реченици и кус текст со печатни и ракопосни латинични букви и обратно<br><br>Домашна работа |
| | Зборови, реченици и кус текст напишани со кирилично писмо ги препишува користејќи латинично писмо | 1 | *Учениците читаат зборови, реченици и кус текст напишани со печатни/ ракописни кирилични букви. Следат насоки да го препишуваат со печатни/ракописи латинични букви.<br>Учениците препишуваат песна од кирилица на латиница на кирилица со печатни/ ракописни букви.<br>*Учениците во работен лист пишуваат текст со убав ракопис- краснопис. Се даваат насоки за слеано пишување на зборови со ракописни латинични букви.<br>*Препишување на зборови, реченици и кус текст од кирилица на латиница може да се прави и на дел од* | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *други часови во воведни /завршни активности со цел да се провери совладаноста на изучените латинични букви.* | | |
| | Пишува диктат со латинични печатни и ракописни букви | 1 | *Учениците пишуваат по диктат зборови, кратки реченици или кус текст или песна со изучени печатни/ ракописни латинични букви.<br>Учениците се самооценуваат со проверка на точноста на напишаното гледајќи го текстот поставен на табла или на подготвена презентација од наставникот.<br>*Диктат со изучените букви може да се прави и на дел од други часови во воведни /завршни активности со цел да се провери совладаноста на изучените букви.* | тетратка<br>работен лист<br>презентација<br>компјутер<br>видеобим | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br>Писмени изработки на учениците – пишува по диктат<br>Домашна работа |
| | Пишува диктат со латинични букви користејќи тастатура | 1 | *Учениците пишуваат по диктат на тастатура и внимаваат на точното користење на латиничните букви и на правописните правила. Доколку нема можност сите ученици во исто време да пишуваат на компјутер учениците работат во група.<br>1 гр.- Пишува по диктат со печатни/ракописни латинични букви во тетратка.<br>2 гр. - Пишува по диктат со печатни латинични букви на компјутер.<br>Потоа групите ротираат со диктат на друг текст.<br>*Учениците пишуваат песна по автодиктат со користење на компјутер.<br>* Наставникот на презентација ги покажува текстовите, а ученииците прават проверка на точноста. | детски лаптопи<br>тетратка<br>работен лист<br>презентација<br>компјутер<br>видеобим | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br>Писмени изработки на учениците – пишува по диктат со примена на компјутер<br>Домашна работа |
| Читање со разбирање | Чита текст со соодветна интонација | 1 | *Претходна подготовка- Учениците самостојно прават избор на краток текст( расказ, басна, песна) и се подготвуваат да го читаат изразно(соодветна интонација почитувајќи ги интерпункциските знаци).<br>Учениците го читаат текстот пред соучениците играјќи ТВ – спикер/презентер. | книги со раскази, песни, басни<br>учебник | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br>Усни презентации- чита со соодветна интонација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Читање со разбирање | | | | | Домашна работа |
| | Составува прашања во врска со содржината од прочитан текст<br><br>Одговара (усно и писмено) на прашања во врска со содржината на прочитан текст | 1 | *Учениците добиваат краток текст. По читањето имаат задача да напишат неколку прашања за содржината која ја прочитале (кој, што, каде, кога, како, зошто).<br>*Учениците ги читаат прашањата, а наставникот ги запишува на табла или на компјутер. Учениците истовремено следат на видеобим/смарт табла.<br>*Усно/писмено одговараат на поставените прашања и се открива колку учениците ја разбрале содржината.<br>*Учениците слушаат текст од аудиоснимка или прочитан од наставник/соученик. Во парови одговараат на поставените прашања во работен лист (кој настан е претставен во текстот, кој учествува во настанот, кога се случил и каде)... | работен лист<br><br>табла<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>тетратка<br><br>учебник | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Усни и писмен искази -Составува прашања за слушнат/ прочитан текст<br><br>Одговара на прашања за содржината на слушнат/прочитан текст<br><br>Домашна работа |
| | Пронаоѓа зборови и реченица како одговор на прашања во врска со содржината на прочитан текст | 1 | *Учениците во работен лист читаат текст со должина до 10 реченици. Со примена на Инсерт техника го бараат одговорот на прашања кои се под текстот (прашањата се насочени кон пронаоѓање на реченица и клучни зборови).<br>□ Што знаев за ...?<br>+ Што ново научив за ...?<br>Δ Кои информации се спротивни на она што го знев за ...?<br>? Што сакам да научам за ...?<br>*Наставникот истакнува презентација каде ги внесува одговорите на учениците и се извлекуваат заклучоци. | работен лист<br><br>презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>смарт табла | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Пронаоѓа клучни зборови и реченица кои се одговор на прашања од содржината на прочитан текст<br><br>Домашна работа |
| | Ја резимира содржината на | 1 | *Учениците читаат кус текст на одредена тема **,пр.** Слободно време со должина 10 реченици. По дадени насоки пишуваат свој заклучок за текстот, во една-две реченици. | работен лист<br><br>учебник | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Пишува резиме на содржина на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Читање со разбирање | прочитан текст со една-две реченици. | | *Учениците усно ги презентираат своите заклучоци и се изведува заклучок што значи резиме на содржина. | | прочитан текст со 1-2 реченици<br><br>Домашна работа |
| | Пронаоѓа барани информации во научно-популарни и новинарски текстови | 1 | *Учениците читаат научнопопуларен текст. На таблата или на презентација наставникот поставува делови од текстот за кои упатува конкретни прашања кон учениците.<br><br>*Учениците одговараат на прашањата, но аргументот го бараат во изделените делови од текстот со кои наставникот ги насочува. Дискутираат и резимираат заеднички со изделување на клучни информации. | табла<br><br>презенатција<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>учебник<br><br>работен лист | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Пронаоѓа информации во научно-популарни и новинарски текстови.<br><br>Домашна работа |
| | Одговара на едноставни прашања во врска со информации дадени во текст, табела, графикон и мапа | 1 | *Учениците читаат текст во кој има мапа на една населба. Под текстот има прашања:<br>• Колку автобуски станици треба да поминат од местото А до местото Б?<br>• Покрај кои објекти треба да поминат?<br>• Дали има и друг начин да се стигне од местото А до местото Б?<br>• Да се опише тој пат.<br>*Учениците добиваат наставен лист со цртеж/мапа на кој е претставено нивното место со најважните работи, планина, река, улици, нивното училиште, плоштадот, установи, а нивните називи не се точно запишани. Учениците ги запишуваат правилно називите, а точноста се проверува пред сите во одделението. | табла<br><br>презенатција<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>учебник<br><br>работен лист | Одговор на едноставни прашања во врска со информации дадени во текст, табела, графикон и мапа<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пишување и користење правописни правила | Правилно употребува голема буква при пишување на имиња на улици, плоштади, населени места, планини, реки, установи, наслови на книги и весници | 1 | *Учениците пишуваат зборови кои се пишуваат со голема буква(имиња на улици, плоштади, населени места, планини, реки, установи, наслови на книги и весници.). Се искажуваат за сопствени именки и зошто се пишуваат со голема буква.<br>*Учениците самостојно составуваат реченици во кои ќе применат од прикажаните зборови.<br>*Учениците во работен лист анализираат текст во кој неправилно се употребува голема буква. Треба да ги пронајдат грешните зборови и правилно да ги напишат. Изведување заклучоци за употреба на голема буква. | работен лист<br>учебник<br>табла<br>компјутер<br>видеобим | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Правилно употребува голема буква<br>Одговори во работен лист<br>Домашна работа |
| | Пишува две точки и запирка при набројување. | 1 | *Учениците усно се искажуваат по дадени прашања. Пр.<br>• Што е потребно за растението да порасне?<br>• Што содржи училиштниот прибор?<br>• Кои се најпознатите овошја кои растат во нашата земја?<br>*Учениците добиваат насока писмено да ги запишат одговорите во тетратка. Откриваат каде и кога се пишува запирка и две точки.<br>*Учениците индивидуално /парови работат во работен лист со дадени барања. Пр.<br>1.Запиши две точки и запирка за речениците да бидат правилно напишани.<br>2.Одговори на прашањата со правилна примена на интерпункциски знаци.<br>3. Означи со ✓ точно напишаната реченица.<br>Се анализираат решенијата од работиот лист (видеобим/смарт табла) и се извадуваат заклучоци. | работен лист<br>учебник<br>табла<br>компјутер<br>видеобим | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Пишува две точки и запирка при набројување<br>Одговори во работен лист<br>Домашна работа |
| Пишување и користење правописни правила | Пишува куси | | *Учениците следат изразно читање на текст заситен со употреба на сопствени именки -називи кои се пишуваат со голема буква(училишта, плоштади, улици, музеи, лични имиња). и примена на интерпункциски знаци | работен лист<br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Пишува кртаок текст по дикатат |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | текстови по диктирање, со почитување на правописните правила за употреба на голема буква и интерпункциски знаци | 1 | (реченици различни по состав).<br>Одговараат на прашања за содржината на текстот.<br><br>*Следат насоки за пишување на текстот по диктат со почитување на изучените правописни правила и пишување на голема буква.<br><br>*На презентација се прикажува како правилно треба да изгледа текстот и се даваат насоки за самооценување на учениците. | табла<br><br>компјутер<br><br>видеобим | со почитување на правописни правила<br><br>Применува голема буква во пишувањето<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Домашна работа |
| | При пишување правилно пренесува делови од зборови во следниот ред. | 1 | *Учениците добиваат наставен лист во кој во текст има повеќе зборови кои се пренесени во друг ред. Точно пренесените зборови ги обележуваат со знак точно, а неточните ги поправаат под текстот.<br><br>*На видеобим/смарт табла се истакнува работнот лист и учениците се проверуваат дали топно ја завршиле задачата. | работен лист<br><br>табла<br><br>компјутер<br><br>видеобим | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Правилно пренесува делови од зборови во нов текст<br>Одговори во работен лист<br>Домашна работа |
| Пишување и користење правописни правила | Ги пишува со зборови броевите до 1000 и редните броеви до 20. | 1 | *Учениците читаат и запишуваат броеви до 1000 со зборови( корелација со математика). Објаснуваат како се запишуваат повеќецифрените зборови и пишување на сврзникот „и “ пред цифрата на единиците( Пр. 153- сто педесет и три)<br>*Учениицте следат пример каде најчесто се прават грешки при пишување на броеви.Пр. Бројот 6 и броевите составени со него се пишуваат:<br>6 — шест; 16 — шеснаесет; 60 — шеесет; 600 — шестотини;<br>Пишување Стотки:<br>100 — сто, 200 — двесте, 300 — триста... 1000- илјада<br>*Учениците добиваат текст во кој има податоци претставени со броеви. Секој од броевите го запишуваат | учебник<br><br>работен лист<br><br>постер со броеви<br><br>картички со редни броеви | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Правилно пишува броеви до 1000 со зборови<br><br>Ги пишува и чита редните броеви до 20<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | со зборови, притоа ги подредуваат со реден број: прв/прва/прво... втората е висока... Заеднички се проверуваат за точноста на запишаното.<br>*Учениците имаат картички со редни броеви колку што се ученици во одделението( 1. 2. 3. 4. 25. )<br>Воочуваат дека редните броеви се запишуваат со арапска цифра и точка до неа, а се читаат 1.- прв/прва 2.- втор/втора и сл.<br>*Се искажуваат како се подредуваат по висина на часот по физичко и се пребројуваат со користење на реденпрво- прв/а, втор, а...двеесетти сл. |  | |
| Пишување и користење правописни правила | Препознава неправилен редослед на букви во пишани зборови и неправилен редослед на зборови во пишани реченици и правилно ги препишува зборовите, односно речениците. | 1 | *Учениците работат во работен лист и ги откриваат зборовите со правилно подредување на буквите(пр. есоцн – сонце)<br>*Учениците се поделени во групи, добиваат наставенлист со текст во кој редоследот на зборовите вореченицте не е точен, но каде има грешки и во редоследот на буквите во зборовите,(пр. лојзе - лозје, вазна - ванза, спањак - спанаќ. Ги пишуваат зборовите во правилен редослед и го презентираат текстот кој го напишале.<br>*Учениците читаат текст во кој има грешки во пишување на зборови. Ги пронаоѓаат и потцртуваат погрешно напишаните зборови, а потоа ги пишуваат правилно над потцртаниот збор.<br>*Учениците го проверуваат своето знаење преку интерактивни игри подготвени од наставник.<br>https://wordwall.net/<br>https://www.liveworksheets.com/<br>https://learningapps.org/ | учебник<br>работен лист<br>компјутер<br>видеобим<br>таблет<br>мобилен телефон | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br>Препознава неправилен редослед на букви во збор и составува точен збор<br>Препознава неправилен редослед/ погрешно напишани зборови во реченица правилно ги подредува и запишува<br>Домашна работа |
| | Пронаоѓа и поправа грешки во пишан текст (неправилен редослед на букви, | | *Учениците работат во пар. Секој добива по еден текст во кој има правописни грешки како што се испуштени интерпункциски знаци и погрешно пренесени зборови. Ги поправаат грешките и потоа си ги заменуваат | работен лист | Одговори во |

Table in image 1:

| Симбол | Основни броеви (м.р.) | Основни броеви (ж.р.) | Основни броеви (с.р.) |
|---|---|---|---|
| 1 | прв | прва | прво |
| 2 | втор | втора | второ |
| 3 | трет | трета | трето |
| 4 | четврти | четврта | четврто |
| 5 | петти | петта | петто |
| 6 | шести | шеста | шесто |
| 7 | седми | седма | седмо |
| 8 | осми | осма | осмо |
| 9 | деветти | деветта | деветто |
| 10 | десетти | десетта | десетто |
| итн... | | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | испуштени букви, неправилно пренесени зборови, погрешни интерпункциски знаци). | 1 | ливчињата со текстот за да проверат колку точно ја завршиле лектурата.<br><br>*Анализа на решенијата на ниво на цело одделение и изведување на заклучоци за совладаност на стандардите. | | работен лист<br><br>Учество во изведување на заклучоци |
| | Пишува едноставни текстови според зададена или слободна тема. | 1 | *Учениците добиваат задача да напишат краток текст од 5-6 реченици што ќе се однесува на најубавиот расказ или сликовница кој го прочитале. На таблата наставникот има поставено прашања за учениците:<br>• Кој е твојот омилен расказ/сликовница?<br>• Зошто го избираш како омилен расказот/сликовницата?<br>• Дали има посебно интересен лик кој го прави тој расказ/таа сликовница значајна за тебе?<br>Напишаното го читаат пред сите во паралелката.<br>*Учениците пишуваат текстови на зададена тема по повод одреден празник, конкурс , значаен настан за училиштето и сл. | работен лист<br><br>тетратка | Одговори во работен лист<br><br>Пишува писмен состав на зададена или слободна тема<br><br>Учество во изведување на заклучоци |
| Пишување и користење правописни правила | Пишува едноставен текст по сеќавање на некој настан, со почитување на правописните правила. | 1 | *Учениците дискутираат за наслов запишан на таблата, а се однесува на настан кој се одржал во нивното училиште (хуманитарна акција, спортски натпревар, театарска претстава, патронен празник и сл.). Може за настанот да се прикажи презентација преку слики со цел учениците да се потсетат на текот на настанот.<br>*Учениците следат насоки за :<br>- Пишување едноставен текст по сеќавање за настан;<br>- Почитување на правописни правила<br>Читање на пишаните текстови и изведување заклучоци. | табла<br><br>презентација<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Одговори во работен лист<br><br>Пишува писмен состав по сеќавање на настан<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа |
| | Пишува куси | | *Учениците се поделени во групи. Секоја група добива задача да напише: | табла<br><br>презентација | Одговори во работен лист<br><br>Пишува куис |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | текстови со различна намена (честитка, СМС порака, известување). | 1 | • Честитка за Нова година;<br>• Честитка за роденден;<br>• СМС порака<br>Сите изработки, секоја од групите, ги чита и презентира пред одделението, се коментира содржината и се дава повратна информација од наставникот за почитувањето на правописните правила. | работен лист<br><br>тетратка<br><br>детски лаптоп<br><br>компјутер | текстови со различна намена<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа |
| Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви) | Идентификува конкретни именки во дадена реченица. | 1 | *Учениците избираат предмет од учлницата/училишен прибор...и го именуваат. Именуваат и предмет/ појава/суштество кои не се наоѓаат во училницата.<br>*Учениците добиваат работен лист со зборови-именки. Се искажуваат за нивното значење: географски поим, лично име, растение, животно, објект, предмет и слично. Ги запишуваат во сооодветна колона во табела во листот. Се изведуваат заклучоци за поимот именка- зборовите со кои им се дава име на нештата се викаат именки.<br>*Учениците преку гатанки/игри вежбаат именување и откривање на именки- пример(црвено со црни точки, се јаде, овошје- јагода)<br>* Учениците пишуваат реченици со употреба на именки.<br>*Учениците добиваат текст во кој именките се изоставени, го читаат целиот текст и ги пополнуваат празните места. Потоа ги читаат дополнетите зборови и коментираат што означува зборот: географски поим, лично име, растение, животно, објект, предмет и слично. | табла<br><br>презентација<br><br>работен лист<br><br>тетратка<br><br>компјутер | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава и употребува именки во реченици ( конкретни именки)<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа |
| | Идентификува | | *Учениците добиваат наставен лист со запишани именки и имаат задача да направат боење на личните имиња/сопствени именки со жолто, а другите именкикои се имиња на предмети и суштества, со зелено. Споделуваат и проверуваат заеднички на таблата со запишување на точните примери.<br>Изведуваат заклучоци и ја воочуваат разликата помеѓу општи и сопствени именки. | табла<br><br>презентација<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава и употребува општи и сопствени именки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви) | општи и сопствени именки во даден текст. | 1 | *Квиз игри со „ДА-НЕ“ картички – Именката Соња е општа именка. Учениците подигаат картичка со зборот НЕ.<br>*Учениците во текст од учебник/наставен лист ги пронаоѓаат именките и се искажуваат дали се општи или сопствени.<br>*Учениците самостојно пишуваат реченици со општи и сопствени именки. | учебник<br>тетратка<br>компјутер<br>ДА- НЕ картички | Одговори во работен лист<br>Учество во изведување на заклучоци<br>Одговори на квиз<br>Домашна работа |
| | Препознава род и број кај именките. | 2 | *Учениците добиваат наставен лист на кој се прикажани на илустрации од предмети и суштества. Во едната илустрација е претставено еден предмет/суштество, а на другата повеќе. Учениците ги пишуваат именките под илустрациите и дискутираат за нивните разлики, именките можат да бидат различни и да бидат од машки, женски и среден род, односно во еднина и множина.<br>*Учениците во текст од учебник/наставен лист ги пронаоѓаат именките и се искажуваат кои именки се во еднина , а кои во множина. Потоа го одредуваат нивниот род.<br>*Учениците самостојно пишуваат реченици по насоки.<br>Напиши реченица во која ќе употребиш именка од (пр. машки род, именка во множина , две именки од женски род и сл.)<br>*Квиз игри со „ДА-НЕ“ картички – Именката Соња е именка во женски род. Учениците подигаат картичка со зборот ДА. | табла<br>презентација<br>работен лист<br>тетратка<br>учебник<br>компјутер<br>ДА- НЕ картички | Усни одговори на поставени прашања<br>Препознава род и број кај именките<br>Одговори во работен лист<br>Учество во изведување на заклучоци<br>Одговори на квиз<br>Домашна работа |
| | | | *Учениците добиваат различни задачи од наставникот Пр. Да ја изговори цела азбука, да стани од столче, да ја отвори вратата, да нацрта сонце на табла, да скокни 5 пати на 1 нога и сл. Учениците се искажуваат на прашањето Што правевте? (скокав, броев, пишував, цртав, отворив | табла<br>презентација<br>работен лист | Усни одговори на поставени прашања<br>Препознава галголи во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Идентификува глаголи во дадена реченица | 2 | и сл). Се изведуваат заклучоци дека тоа се зборови кои означуват што правиме и се викаат глаголи.<br>*Учениците преку илустрации се искажуваат кој што прави / што се случува на илустрацијата, а потоа ги идентификуваат зборовите кои означуваат работа, дејство, состојба. При пишувањето на своите примери внимаваат на лицето и времето на глаголот со кој се искажува дејството.<br>* Учениците пишуваат реченици со примена на глаголи и го потцртуваат зборот кој е глагол во реченицата.<br>*Учениците самостојно работат во работен лист каде ги пронаоѓаат глаголите или дополнуваат зборови кои недостигаат(глаголи).<br>*Учениците во текст од учебник/наставен лист ги пронаоѓаат глаголите се искажуваат кој од нив означува работа, дејство или состојба.<br>*Игра со откривање глаголи во реченица. Секој ученик смислува една реченица. Ја искажува гласно и потоа го посочува зборот кој е глагол. Пр. Мама чисти дома. Глагол е чисти. Учениците со подигање на картичка ДА-НЕ или ЦРВЕНО-ЗЕЛЕНО потврдуваат дали одговорот е точен. | тетратка<br>учебник<br>компјутер<br>ДА- НЕ картички<br>ЦРВЕНО-ЗЕЛЕНО картички | реченица и текст<br>Одговори во работен лист<br>Учество во изведување на заклучоци<br>Одговори на квиз<br>Домашна работа |
| Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви) | Идентификува броеви како видови зборови во текст | 1 | *Учениците се искажуваат за броевите како зборови. Секој ученик запишува во тетратката едноцифрен, двоцифрен и трицифрен број со цифри и зборови. Ги читаат зборовите и се анализира дали правилно ги напишале. (размена на тетратки во парови)<br>*Учениците добиваат работен лист со два куси текста. Во првиот текст имаат задача да ги подвлечат броевите во текстот. Во вториот имаат задача да го дополнат текстот со соодветни броеви. | учебник<br>тетратка<br>работен лист | Усни одговори на поставени прашања<br>Препознава броеви во текст<br>Одговори во работен лист<br>Учество во изведување на заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Домашна работа |
| | Идентификува придавки во даден текст | 2 | *Учениците извлекуваат картичка со слика. Се искажуваат што имаат на сликата(топка, вазна, сонце, фустан, маса ,цвеќе, домат...)<br>*Пр. На сликата има цвеќе.*<br>Следат насоки да ги обојат сликите или да доцрраат и нешто друго. Потоа се искажуваат за сликите.<br>*Пр. На сликата има црвено цвеќе со зелени листови.*<br>*Запознавање со придавките преку опис на предмет. Пример ТОПКА. Учениците со бура на идеи наведуваат зборови за да ја опишат( голема/мала, гумена/кожна, мека, лесна, шарена, жолта, истушена, скината, нова и сл).<br>*Учениците добиваат работен лист во мали групи/ парови/индивидуално. Разубави го текстот (додавање придавки). Текстот кој го добиваат пред именката има празно место кое се пополнува збор кој е опис и кој се посочува како придавка. Секоја група ја презентира својата изработка.<br>*Учениците самостојно работат во работен лист или тетратка. Читаат краток текст (од учебник или работен лист) и ги пронаоѓаат придавките .<br>• Потцртај ги придавките во речениците.<br>• Дополни ги речениците со соодветните придавки. | картички со слики за боење<br><br>боички<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>работен лист | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава придавки во текст<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа |
| Видови реченици (раскажни, потврдни, одречни, | Иденификува | 1 | *Активности за повторување на видови реченици од минатата година( второ одделениe)*<br>*Учениците имаат 3 картички со интерпункциски знаци- прашалник, точка и извичник.<br>Наставникот кажува реченица со правилна интонација или ја прикажува на презентација, а учениците ја подигнуваат содветната картичка.<br>**Пр**. Надвор е студено – Учениците подигнуваат картичка со ТОЧКА.<br>*Учениците добиваат наставен лист:<br>- Реченици на кои им недостигаат интерпункциски знак | Картички со интерпункциски знаци<br><br>табла<br><br>презентација<br><br>работен лист | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава видови реченици во текст<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Учество во |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| прашални и извични реченици) | видови реченици во даден текст | | на крајот. Учениците треба да им стават знак и да ги определат според видот (расказни, потврдни, одречни, прашални и извични реченици).<br>- Поврзи ги правилно речениците со нивното соодветно значење.<br>- По дадена слика да состават различни видови на реченици<br>*Интерактивни игровни активности подготвени од наставник со примена на некоја дигитална алатка. | тетратка<br>учебник<br>компјутер<br>таблети<br>мобилни телефони | изведување на заклучоци<br>Одговори на квиз<br>Домашна работа |
| | Трансформира прочитани реченици од еден вид во друг | 1 | *Секој ученик треба да го нацрта своето омилено животно. Откако учениците ќе завршат, ученицитестојат во круг и имаат едно топче. На знак на наставникот првиот ученик со топчето во рака кажува расказна реченица за омиленото животно и го подава топчето на друг ученик. Другиот ученик прво ја претвора расказната реченица во прашална, а потоа смислува нова расказна реченица и го подава топчето на трет ученик. Постапката се повторува сѐ додека ситеученици не кажат барем по една реченица.<br>*Наставникот им дели на учениците, поделени во парови, по 5 илустрации. Секој ученик од парот самостојно пишува со ракописни латинични букви по една потврдна реченица за секоја илустрација. Потоа ги разменуваат напишаните потврдни реченици и ги претвораат и запишуваат како одречни. | табла<br>презентација<br>работен лист<br>тетратка<br>учебник<br>компјутер | Усни одговори на поставени прашања<br>Претвара реченици од еден во друг вид<br>Одговори во работен лист<br>Учество во изведување на заклучоци<br>Одговори на квиз<br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk